Јавно претпријатие за комунални дејности
КОМУНАЛЕЦ ц.о
Бр. 04-5384/1
20. 11. 2024 год.
Струмица

Врз основа на член 30, 48 и 49 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РМ бр. . 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 і 11/18 и Сл.весник на РСМ бр. 275/19 14/20, 215/21 и 99/22) Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирањеи максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен огласот (Сл весник на РМ бр. 11/15 , 35/18 и 303/20) , Правилникот за систематизацијана работни места во ЈПКД"Комуналец" – Струмица бр. 01--2252/1 од 26.04.2018 год. и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈПКД"Комуналец" – Струмица бр. 01-4150/1 од 13.07.2022 год, директорот на ЈПКД"Комуналец" – Струмица објавува :

# И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С бр. 1/2024 год.
## За унапредување на еден административен службеник

ЈПКД"Комуналец" – Струмица објавува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следното работно место:

1. Работно место - KDR 01 02 Б02 066 – Rakovoditel na сектор за финансиско работење
   Сектор за финансиско работење
   Број на извршители 1 (еден) извршител

Општи услови:

- Да е државјанин на РСМ,
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Да не му е изречена казна со правосилна пресуда за забрана за вршење професија или должност.

Посебни услови

- Ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕТСТ или завршен VII/1 степен од обласга на економски науки, организациони науки и управување (менаџмент).
- Работно искуство најмалку пет годинаработно искуство во струката од кои најмалку две година на раководно работно место во јавниот сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три година на раководно работно место во приватниот сектор.;
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски);
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Испит за административно управување..

Дополнителен услов :

- Уверение за овластен сметководител.

Потребни општи работни компетенции на напредното ниво:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Стратепка свест,
- Раководење,финансиско управување.

Распоред на работно време:
Работни денови во неделата: од понеделник до петок;
Работни часови во неделата: 40 работни часа;
Распоред на работно време: од 07:00 часот до 15:00 часот.

Плата: 60.099 денари.

3. На интерниот оглас може да се пријави административен службеник вработенв во претпријатието, кој ги исполнува општите, посебните услови, како и дополнителниот услов за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во ЈПКД"Комуналец" – Струмица., при што административниот службеник е потребно да ги исполнува и следните услови:

- Да е оценет со оцена "А"или "Б" при последно оценување;
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место;-
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

4. Рокот за поднесување на пријавата со доказите е 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на претпријатието.

5. Заинтересираните административни службеници, поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архива на претпријатието ја доставуваат до одделението за ууправување со човечки ресурси.

6. Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат и доказите:
- Потврда за успешно реализирани обуки и /или
- Потврда за успешно реализирано менторство

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот..

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас..

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на директорот на ЈПКД"Комуналец" – Струмица.

ЈПКД"Комуналец" - Струмица
Директор
Љупчо Љачев